ООУ,,Толи Зордумис,, Куманово

Почетокот на образованието е еден од најзначајните настани во животот на детето и семејството. Покрај играта сега и учењето ќе стане важен дел од неговото секојдневие. Средбата со учителката, соучениците и другите личности во училиштето битно ќе влијае на неговата социјализација и ќе го зголеми неговиот социјален простор.




**Кога детето е подготвено за поаѓање во училиште?**

Всушност, детето е подготвено за поаѓање во училиште тогаш кога во поглед на психо-физичкиот развој е во состојба да усвојува нови знаења и вештини кои му ги дава училиштето .

Пред поаѓање во училиште детето **НЕМОРА ДА ЗНАЕ ДА ЧИТА И ДА ПИШУВА** но, мора да знае:

- ✓ Да го контролира своето однесување и да внимава на она што другите го зборуваат или работат;
- ✓ Да не го прави само она што го сака туку и она што се бара од него;
- ✓ Да ги знае и применува основните правила на културно однесување ( при однос со други, при јадење ... )
- ✓ Да има развиено основни хигиенски навики и самостојност при облекување, соблекување, миење на раце пред јадење, одење во тоалет, однос кон повозрасните, редовно миење на забите ....

Поаѓајќи во училиште детето мора да прифати многу нови форми на однесување , мора да се прилагоди на ситуацијата во кое тоа е единка меѓу своите врсници. Треба да се снајде и одговори на бројните барања кои пред него ги поставува учителката и неговите другари. Тоа се потешки и посложени барања од оние кои Вие му ги поставувате во семејството.



ООУ,,Толи Зордумис,, Куманово

За детето со радост да оди во училиште **МОРА ДА ГО ЗАСАКА УЧИЛИШТЕТО**

За тоа му е потребна помош и од Вас почитувани родители како полесно да доживее успех и ја развие самодовербата. Емоционалната подготовка за тоа има најголемо значење и влијание а тоа значи:

- Развивање на љубов према училиштето;
- Отстранување на стравот од училиштето;

## Како тоа да го направите?

Ослободете го вашето дете од сите предрасуди за училиштето, доколку ги добило. Не дозволувајте да стекне убедување дека училиштето има за задача да ги поправа лошите деца. Такво мислење понекогаш му влеваат и самите родители на своите деца кога ќе им кажат: „Чекај само да појдеш во училиште, таму ќе те поправат убаво“ , или „ Ќе те видам догодина кога ќе појдеш во училиште“, и уште полошо ако се плашат децата дека во училиштето ќе бидат казнувани доколку нешто не знаат. Потребно е да биде искористена секоја прилика за заеднички дружења и заедничка активности, бидејќи во тие моменти детето се чувствува важно и сакано. Таквото дете полесно се прилагодува на промени.

Како да развиеме љубов према училиштето: Разговарајте со вашето првачe за училиштето со ученици од Вашата околина, раскажувајте интересни случки и убави моменти и од Вашите училишни денови, прошетајте со детето до училиштето, разговарајте со учителката...

**Ќе ни биде особено задоволство доколку со овие совети Ви помогнеме вам, почитувани родители, полесно да го поминете овој значаен период од животот на Вашето дете.**

Изготви - психолог Весна Димитриевска

*ООУ „Толи Зордумис“*

# ДОБРЕДОЈДОВТЕ ПРВАЧИЊА!

***Училиштето е вашиот втор дом!***

